**20081613317**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 22 декември 2008 година.

Бр. 07-5650/1
22 декември 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Член 1

Во Законот за вработување на инвалидни лица ("Службен весник на Република Македонија" број 44/2000, 16/2004, 62/2005, 113/2005, 29/2007 и 88/2008), во членот 16-а став 1 точки 1 и 3 по зборот "просечни" се додава зборот "нето".

Во членот 16-а став 2 алинеи 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8 зборот "плати" се заменува со зборовите: "просечни нето плати исплатени во Република Македонија за претходната година пред поднесувањето на барањето".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2009 година.